Архивски број: 08-112/1
17-02-2022 Година

Постапувајќи во рамките на законските надлежности да прима и разгледува претставки поради сторена повреда на одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација и давање на мислења и препораки по конкретни случаи согласно член 27 став 1 и 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) по поднесената претставка од страна на лицето [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

***СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ*** по претставката поднесена од страна на [redacted] против Министерство за образование и наука на РСМ, врз основ на етничка припадност и религија или верско уверување во областа на образованието.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-295/1 од 22.10.2019 од подносителот [redacted] пратеник и припадник на бошњачкиот народ, против Министерство за образование и наука. Согласно Член 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат според одредбите од овој закон.

Подносителот наведува дека во учебниците по Историја за средно гимназиско образование постојат содржини кои не се во согласност со Уставот на РСМ, Закон за учебници за основно и средно образование(консолидиран текст), Службен весник на РМ бр. 98/2008, 99/2009, 83/2010, 36/2011, 135/2011, 46,/2012, 24/2013, 120/2013, 29/2014 и 146/2015, Концепција за изработка на учебници и Методологија за вреднување на учебник, Биро за развој на образование Скопје 2010, Методологија за вреднување на учебниците за основно и средно образование, Биро за развој на образование Скопје 2009 и други домашни и меѓународни правни акти од областа на човековите права и образованието.

Врз основа на ова, во претставката се бара да се поведе постапка за отстранување на несоодветни содржини во учебниците по историја по кои се учи во средно и гимназиско образование кои се однесуваат на Бошњаците и Босна и Херцеговина, односно според


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

подносителот се неточни и навредливи и создаваат предрасуди и стереотипи кај младите генерации.
Во претставката се цитирани наставните содржини и број на страница и учебник за кои смета дека се стои навредлива содржина која што директно ги дискриминира Бошњаците и кои треба да бидат отстранети и тоа:

1. **Милан Бошковски и др. Историја за 7-мо одделение, Просветно дело, Скопје 2016 година- „Балкан и Македонија под османската власт до крајот на XVIII век", стр. 100.** Подносителот бара да се избрише реченицата *„Исламизираното население е познато како бошњаци, торбеши и помаци"*, бидејќи оваа реченица е навредлива за Бошњаците поради тоа што се претставени како религиска група. Бошњачкиот народ е уставотворен народ на РСМ и истата констатација е во спротивност на Уставот на РСМ, а со оваа реченица индиректно се негира и бошњачката нација и државата Босна и Херцеговина каде што Бошњаците се мнозинско население и носители на суверенитетот на БИХ.

2. **Ѓорѓи Павловски и др., Историја за 9-то одделение, Просветно дело, Скопје 2005- „Балканските држави и народот во Првата светска војна", стр. 12.** Подносителот смета дека во текстот *"Словенците, Хрватите и Муслиманите од земјите под австриска власт биле принудени да земат учество во војната и да се борат за туѓи интереси а против својата волја"*, принципиелно е да се користи името Бошњак а не верска одредница муслиман бидејќи познато е дека муслиманите во БиХ биле и се Бошњаци со јасен континуитет. ***„Распаѓање на Југославија", стр 125.*** Да се избрише реченицата *"По крвавата граѓанска војна и по Дејтонската спогодба(1995 г.), независноста на БИХ беше меѓународно призната"*, бидејќи БиХ била меѓународно призната по Референдумот за независноста и била примена во Обединетите Нации на 22 мај 1992 г., и на оваа меѓународно призната држава извршена е агресија, најпрвин од страна на тогашната Србија и Црна Гора а потоа и од Хрватска.

3. **Милан Бошковски и др. Историја за II година гимназиско образование, Просветно дело Скопје 2009**- *„Балканот и Македонија под османлиска власт од XV век до крајот на XVIII век"* **стр. 58.** Во овој дел е даден извадок од текст од „Мостот на Дрина" од Иво Андриќ врз основа на кој се бара од учениците да ја анализираат неговата содржина која говори за создавањето на јаничарската војска. Подносителот на претставката тврди дека авторите на учебникот тенденциозно имале намера да наметнат слика со која се создаваат поделби и чувство на омраза кон оние кои се сметаат за наследници на Османлиите на овие простори или воопшто кон муслиманите. Врз основа на ова, подносителот на претставката смета дека методолошкиот пристап на вметнување книжевен текст во учебник по историја е погрешен бидејќи со овие книжевни се истакнуваат лични ставови додека авторот авторот не може да се јави ниту како сведок на настаните.

4. **Блаже Ристевски и др. Историја за III година гимназиско образование, Алби, Скопје 2006** - *"Создавање на Кралството СХС", страна 45.* Во овој дел, подносителот на претставката бара да се видоизмени реченицата *„Нерешеното национално прашање во*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*Југославија (непризнавање на Македонците, Црногорците и Бошњаците) придонесе етничкиот конфликт да му дава особен белег на југословенскиот политички живот“* поради неправилна номинација на уставотворниот народ на РС Македонија, Бошњаците.

**5.Даринка Петреска и др., Историја за четврта година гимназија, Табернакул, Скопје 2009 -** *„Политички, идеолошки и други движења во светот“ страна 28.* Подносителот на претставката бара да се избрише реченицата *„Во Босна и Херцеговина, по распадот на СФРЈ, исто така, се вршел меѓусебен геноцид помеѓу католици, православни и муслимани итн“.* Според подносителот, очигледна е намерата за релативизација и израмнување помеѓу злосторниците и невино убиените. Во Босна и Херцеговина имало геноцид само врз Бошњаците а дополнително, во реченицата се употребуваат религиски термини кои исто така се несоодветни, иако религијата имала големо влијание за почнување на геноцидот врз Бошњаците кои во најголем дел се со исламска религија.

Подносителот тврди дека вакви содржини има повеќе, но во претставката се дадени само оние највпечатливите кои бараат брза реакција и отстранување на учебниците. Во прилог на оваа претставка е даден и научниот труд под наслов “Босна и Херцеговина во учебниците по историја во РСМ“ презентиран на Меѓународната конференција во АНУБИХ во Сараево на 21 и 22 јуни 2019 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека тврдењето на подносителот на претставката е веројатно и врз основа на член 24 став 7 и член 26 од ЗСЗД испрати барање за произјаснување по наводите до потенцијалниот дискриминатор со што товарот за докажување премина на неговата страна.

На 19.08.2021 година, од Педагошката служба при Министерството за образование и наука беше доставен одговор заверен под бр. 0801-295/6. Во одговорот Педагошката служба пишува дека на барање на Министерството за надворешни работи, Директорат за билатерални односи со земјите од Југоисточна Европа и Регионалните иницијативи, доставени се примероци од учебниците по историја и географија за основно и средно образование до „Заедничкиот интердисциплинарен комитет на експерти“ за нивно рагледување. Дополнително, Педагошката служба по добивањето на барањето на информацијата од разгледувањето на горенаведениот комитет, согласно Законот за учебници за основно и средно образование, тврди дека ќе пристапи кон формирање на комисии за давање мислење по доставени предлози за исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот, а истите не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот. Во процесот на работа на овие комисии ќе бидат разгледани и забелешките од подносителот на претставката.

По изведувањето на сите факти и докази Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека со ставање во употреба на наведените содржини во учебниците по историја, Министерство за образование извршило вознемирување согласно член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во кој се


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

наведува дека: *„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика“.*

Содржината на учебниците предизвикува чувство на пониженост, повреда на достоинство на група луѓе, кое произлегува од дискриминаторска основа сторена од страна на Министерство за образование и наука и авторите на учебниците. Претставката се однесува на етничка припадност и религија или верско уверување како дискриминаторски основи од член 5 од Законот, кој е именуван како дискриминаторска основа, и тоа: „ ***Се забранува*** *секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или* ***етничка припадност****, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование,* ***религија или верско уверување****, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.“*

Комисијата смета дека учебниците не смеат во своите содржини да имаат текстови со кои се стигматизира определена група на луѓе, особено ако се земе во предвид фактот дека учебниците пред се имаат едукативна и воспитна функција, па според тоа и содржините на учебниците не смеат да бидат насочени кон кршење на човековите права. При донесување на мислењето, Комисијата ги имаше во предвид и Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи член 14 кој гласи **Забрана за дискриминација**: „Уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција, треба да се обезбеди без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус“ и Уставните одредби а особено член 9 од Уставот на Република Македонија дека *граѓаните на РМ се еднакви во слободата и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотна и општествена положба. Граѓаните пред уставот и законот се еднакви.* Луѓето се раѓаат еднакви, но со одредени лични особини, карактеристики, обележја кои ги здобиваат во текот на својот живот како лична определба со која се идентификуваат и разликуваат од другите. Овие обележја не смеат да го нарушат концептот на еднаквост така што ќе претставуваат фактичка пречка за еднакво уживање на правата и слободите предвидени со меѓународни ратификации на документи или со закон.

Согласно сите овие наводи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација **утврди вознемирување по основ на етничка припадност и религија или верско уверување** извршена од страна на Министерство за образование.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во случај на утврдена дискриминација предвидена е обврска на Комисијата да препорача начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката **има должност** да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост во рок од 3 месеци и за тоа да ја извести Комисијата. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

**ПРЕПОРАКА**

Министерство за образование и наука преку Педагошката служба да ги отстрани несоодветните содржини во учебниците по историја за средно гимназиско образование кои се однесуваат на Бошњаците и Босна и Херцеговина.

Комисијата му препорачува на Министерство за образование и наука, преку своите институции, при креирање на наставни планови и програми за основно и средно образование да води сметка за потенцијално вознемирувачки содржини во учебниците а согласно тоа да направи потребни корекции со цел нивно отстранување.

Скопје
17.02.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Кире Василев

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Скопје - Shkup

Доставено до:
1.Министерство за образование и наука, Ул.Свети Кирил и Методиј 54, 1000 Скопје
2.[redacted]
3. Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk